Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/3
16.03 2022 год.
СКОПЈЕ

**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# БИЛТЕН

**БРОЈ 244**

**Скопје, 16.03.2022**

**С О Д Р Ж И Н А**

Реферат за избор на еден наставник во сите наставно – научни звања од областа на безбедност на факултетот за детективи и безбедност на Американскиот универзитет на Европа- ФОН ..........................................................................................................................4113

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ НА ФАКАУЛТЕТОТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И БЕЗБЕДНОСТ НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН СКОПЈЕ

Со одлука од 20.01.2022 година Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност, во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН Скопје, Република Северна Македонија, формира Рецензиона комисија за избор на еден (1) наставник во сите наставно - научни звања, од областа на криминалистичките дисциплини. Комисијата ја сочинуваат:

1. Проф. д-р Методија Ангелески;
2. Проф. д-р Злате Димовски;
3. Проф. д-р Татјана Велкова.

По разгледувањето и темелното проучување на приложената документација, Рецензионата комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност да му го поднесе следниот:

## РЕЦЕНЗИОНЕН ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот што Факултетот за детективи и безбедност, во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН Скопје, го објави во весникот „Нова Македонија“ на 29.12.2021 година за избор/реизбор на еден наставник во сите наставно - научни звања од научната област Општа криминалистичка теорија-51600 и Криминалистичка методика-51601, се јави со потполна документација, предвидена според објавениот конкурс еден кандидат и тоа:

1. Д-р Насер Етеми, вработен како вонреден професор од областа на криминалистичките дисциплини на Факултетот за детективи и безбедност, во состав на Американскиот универзитет на Европа – ФОН Скопје.

**Биографиски податоци**

**1**. Кандидатот вонреден професор **д-р Насер Етеми** е роден на 26 октомври 1977 год. во Неготино-Полшко. Основно образование завршил во родното место, а средното образование општа гимназија во Гостивар. Во учебната 1996/1997 година се запишал на Факултетот за туризам и угостителство “Св. Климент Охридски” во Охрид, насока царина и шпедиција, каде што дипломирал во 2000 година. Во 2001 година се запишал

на последипломските студии по казнено право и криминологија на Правниот факултет “Јустинијан Први“ на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје каде што во 2008 год. магистрирал на тема “Семејното насилство во Република Македонија”. Во 2009 година пријавил докторска дисертација на тема “Царински казнени дела“ која со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет “Јустинијан Први“ од 29.10.2009 година е оценета како подобна, а на 23.01.2012 успешно ја одбрани докторската дисертација, под менторство на проф д-р Љупчо Арнаудовски.

Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност во состав на Американскиот универзитет на Европа ФОН Скопје, на седницата одржана на 02.04.2009 година го избра во звање асистент од областа на казнено-правните дисциплини каде што засновал редовен работен однос во истата институција. Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност на седницата одржана на 31.08.2012 година го избра во звање Доцент на криминалистичките дисциплини каде што засновал редовен работен однос во истата институција. Наставно научниот совет на истиот факултет на седницата одржана на 19.06.2017 година го избра за наставник од научното поле криминалистика, во наставно-научно звање Вонреден професор каде што засновал редовен работен однос во истата институција.

Од март 2004 година до јануари 2011 година работел како експерт на Комисијата за безбедност и одбрана во Собранието на Република Македонија, а од 1 февруари 2008 година работел како експерт и во Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање.

Од 2004-2011 учествувал во Програма за обука на експерти на Југоисточна Европа организирана од страна на Женевскиот Центар за демократска контрола на безбедносниот сектор од Женева, Швајцарија и со успех завршил 26 еднонеделни семинари за напредна обука за безбедност и одбрана во соработка со Европската Унија, Европскиот центар за безбедносни студии Џорџ Маршал Центарот – Гармиш Партенкирхен, Германија, Парламентарното Собрание на НАТО, Европскиот Парламент е други релевантни институции за безбедност и одбрана.

Дипломец е на Колеџот за меѓународни и безбедносни студии, Џорџ Маршал центарот за безбедносни студии, Гармиш-Партенкирхен, Германија во 2007 година.

Зборува англиски (потврда од: Foreign Language Training Center-Europe, The College of International and Security Studies Garmisch-Partenkirchen, Germany) и италијански.

Оженет, татко на ќерка и син.

**Научно истражувачката дејност**

**Објавени трудови од изборот на вонреден професор**

1. Naser Etemi, Muazam Halili, The Polygraph as an Investigative Tool in Criminal Investigations, Justicia, International Journal Of Legal Sciences, Vol. 8/No 13-14., Tetova, 2020,, PG. 168-175, ISSN 1857 – 8454 (Print) ISSN 2545 – 4927 (Online)
2. Muazam Halili, Naser Etemi, The importance and basic characteristics of the process of identifying criminal situations with economic characteristics, pg. 112-117, Justicia, International Journal Of Legal Sciences, Vol. 7/No 12., Tetova, 2019, UDC: 34, ISSN 1857-8454 (PRINT) ISSN 2545-4927 (ONLINE);
3. Amir Dalipi, Naser Etemi, Sevil Muaremoska „The Challenges of Ethic in the Police of the Republic of Macedonia", 9$^{th}$ International Scientific Conference, Security System Reforms as a Precondition for Euoro-Atlantic Integrations, Ohrid, Republic of Macedonia, June 04$^{th}$ -06$^{th}$, 2018, Faculty of Security Studies – Skopje Tom III, *(UDK:351.74:1749497.7), pp.178-187);*
4. Sevil Muaremoska, Naser Etemi, *Political Will as a Precondition for Effective Parliamentary Oversight of The Republic of Macedonia's Security Sector*, Security Dialogues, Institute for Security, Defence and Peace, Vol. 8, Number 2, 2017, стр. 65-73, ISSN 1857-7172, eISSN 1857-8055, http://sd.fzf.ukim.edu.mk/pdf/vol8n22.pdf
5. Naser Etemi, Amir Dalipi, Sevil Muaremoska*, Growth Of Immigrant Population and Homegrown Terrorism in Europe*, Security Dialogues, Institute for Security, Defence and Peace, Vol. 8, Number 1-2, 2017, fq. 237-248, ISSN 1857-7172, http://sd.fzf.ukim.edu.mk/pdf/vol8n2.pdf
6. Naser Etemi, Sevil Muaremoska, *Environmental Crime trends in the Republic of Macedonia 2007-2015*, Third International Climate Change Conference, f. 60-70, Conference Proceedings, Institute for Sustainable Development and Climate Change Management, MKM Institute, Skopje 2017, ISBN 978-608-4832-00-3.
7. Naser Etemi, *Kriza e refugjatëve dhe rreziqet për Evropën dhe Ballkanin Perëndimor*, Pravne teme, Časopis Departmana za pravne nauke Univerziteta u Novom Pazaru, Godina 5, Broj 9, fq. 27-40, Novi Pazar novembar 2017 godine, ISSN: 2334-8110 E-ISSN: 2500-4813.
8. Criminality in customs administration as part of transnational organised crime, стр. 45-54, Kolegji Evropian JURIDICA, Magazine for Legal and Social Studies, Nr 1, 2017, K.D.U. 34(05), ISSN: 1409-8962, Prishtine, 2017.
9. Suicide in the Republic of Macedonia: facts and figures 2001-2013. Меѓународно научно списание, Визионе, бр. 27, 2017 Скопје, Република Македонија.

**Други објавени трудови:**

10. Biseda informative si forme e vecante e mbledhjes se informatave nga qytetaret. Kolegji Evropian JURIDICA, Reviste per studime juridike dhe shoqerore, Prishtine, 2016.
11. Zbatimi i programit antikorupsion nga sektori i kontrollit te brendshem dhe standardeve profesionale, Меѓународно научно списание, Centrum, No. 5-2016.
12. Царинскиот работник и неговата улога во откривањето на царисннките казнени дела, Меѓународно научно списание, Centrum No. 3 – 2015.
13. Некои етиолошки карактеристики на Царинскиот криминалитет во Република Македонија, Меѓународно научно списание, Centrum No. 4 – 2015.
14. Penal characteristics of customs fraud, Skopje, Vizione, Меѓународно списание за општествени науки, бр. 22, 2014.
15. Некои феноменолошки карактарестики на царинските казнени дела во Република Македонија, Меѓународно научно списание, Centrum, бр. 2, 2014.
16. Gender perspective on the representation of women in the Parliamentary control bodies in the security sector, Меѓународно научно списание, Contemporary Macedonian Defence, Vol 13, Skopje, September 2013.
17. Демократска контрола на полициските овластувања на Царинската управа, Centrum, Меѓународно научно списание, Меѓународно научно списание, Скопје бр. 1, 2013.
18. Rethinking Macedonia's capacity to deal with trafficking: some recommendations for parliamentarians, ScieConf 2013 - Scientific Conference 2013, 4. – Public Service and Law. ISSN:1338-787
19. Dinamika dhe struktura e kriminalitetit në Republikën e Maqedonisë dhe shqiptarët, Меѓународно научно списание, Vizione, бр. 19, Скопје 2013.
20. Kundervajtjet doganore, praktikat dhe problemet e komisionit per kundervajtje prane Drejtorise doganore, Revistë shkencore dhe profesionale për drejtësi, Viti 2, Nr. 1 (2012).
21. Scenario three: Balkans a la Grecque, Training Toolkit for Parliamentary Staffers, A product of DCAF's Parliamentary Staff Assistance Programme, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces, Geneve, June 2012 (contributor).

**Презентации на научни конференции**

1. "*The polygraph as an investigative tool in criminal investigations*" 2019 International Congress on Human, Social Sciences and Arts, November 13$^{th}$-15$^{th}$, 2019, Tetova, Republic of North Macedonia.
2. *The importance and basic characteristics of the process of identifying criminal situations with economic characteristics*, International Scientific Conference Rule of Law and

Democracy, State University of Tetova, 19-20 october, 2018.

3. *The Challenges of Ethic in the Police of the Republic of Macedonia*, 9th International Scientific Conference, Security System Reforms as a Precondition for Euoro-Atlantic Integrations, Ohrid, Republic of Macedonia, June 04th -06th, 2018;
4. Xth International Scientific Conference, *Maintaining and advancing the language, literature, education, journalism and history of national minorities in the Repblic of Montenegro" 06, 07 April. 2018, Ulcinj, Montenegro.*
5. *The Role of Department for Internal control, Criminal Investigations and Profesional Standards in the Ministry of Interior of Republic of Macedonia* и *Environmental Crime as New Security Challenge of the 21st Century,* Меѓународна научно-стручна конференција "40 години високо образование од областа на безбедноста-теории и практики", Скопје, 05 декември 2017 год., Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола, Фкултет за безбедност – Скопје.
6. *Growth Of Immigrant Population and Homegrown Terrorism in Europe*, International Academic Conference, The Balkans Between East and West: Old and/or New Security, Challenges, Ohrid, Macedonia, 5-7 September 2017.
7. "Environmental Crime Trends in the Republic of Macedonia 2000-2015", Climate Change Conference, Third International Climate Change Conference, 03-05 February, 2017, Skopje.
8. "Refugee crisis and security risk for Western Balkans" Međunarodna naučno-stručna konferencija, "Evroatlantske integracije –izazovi i perspektive" 28-29 Октомври, Копаоник, Република Србија
9. "Biseda informative si formë e veçantë e mbledhjes së informative nga qytetarët" Konferenca shkencore ndërkombëtare, Shteti juridik dhe demokracia, Tetovë 03.2014.
10. "Struktura shoqërore dhe kulturore në bashkësinë e burgut" Konferenca shkencore ndërkombëtare, Shteti juridik dhe demokracia, Tetovë 03.2014.
11. "Rethinking Macedonia's capacity to deal with trafficking: some recommendations for parliamentarians". ScieConf 2013 - Scientific Conference 2013.
12. "Gender perspective on the representation of women in the Parliamentary control bodies in the security sector" презентирано на конференција на тема: "Gender Equality and Gender Perspective in Defence and Security" организирано од страна на Министерството за одбрана на Република Македонија, Скопје, 23-24 Април 2013.
13. "In Eastern Europe, Corruption in the Crosshairs", 14th Training Session for Parliamentary Staff Advisor from South Eastern Europe, Garmisch-Partenkirchen, Germany, 6 July – 4 August 2007.

14. “Security Sector Oversight, by SEE Parliaments: Powers, Strengths and Weaknesses – Macedonia”, 3rd Training Session for Parliamentary Staff Experts from South Eastern Europe, тема на семинарот: Border Security and Intelligence, Brussels, 21-24 September 2004, организирано од Меѓународниот Секретарјат на Парламентарното Собрание на НАТО.

**Објавени учебници:**

1. *Taktika kriminalistike 1* (Криминалистичка тактика 1, 443стр.), Текстил Илинден, 2020 (Одлука на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност бр. 17/1377-7 од 20.11.2019).
2. *Taktika kriminalistike 2* (Криминалистичка тактика 2, 348стр.), Текстил Илинден, 2020 (Одлука на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност бр. 17/343/6 од 25.05.2020).
3. *Kriminalistika ekologjike* (Еколошка криминалистика 269стр.), Текстил Илинден, 2021 (Одлука на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност бр. 17/493/3 од 24.06.2020).

**Објавени монографии:**

4. Царински криминалитет Кривично правни криминолошки и криминалистички аспекти (414 стр.), Текстил Илинден, Тетово, 2021.

5. Семејното насилство во Република Северна Македонија (184 стр.), Текстил Илинден, Тетово, 2020.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Американскиот универзитет на Европа – ФОН Скопје, Факултет за детективи и безбедност и Правниот факултет, кандидатот д-р Насер Етеми изведува настава на прв и втор циклус на студии. Како предмети што ги предал во последните пет години се: Криминологија, Криминалистичка тактика 1, Криминалистичка тактика 2, Детективска дејност, Криминалистичка методика, Малолетничка деликвенција, Економска криминалистика, Еколошка криминалистика. Предметите кои ги предавал од втор циклус на студии се: Методологија на истражување на тероризам, Криминалистички теории, Криминалистика и Демократска контрола на безбедносниот сектор.

Кандидатот има позитивна оценка за неговата работа од страна на анкетираните студенти за предметите за кои е избран и за кои му е доверена наставата.

Кандидатот бил ментор на 50 дипломски-специјалистички и на 24 магистерски трудови. Кандидатот учествувал како член во Комисија за оценка/или одбрана на над 200 дипломски, специјалистички и магистерски трудови во последните пет години.

Активно е вклучен во рабатотата на стручни комисии и работни групи при

Американскиот универзитет на Европа ФОН Скопје и Факултетот за детективи и безбедност: Претседател на Сенатот на Американскиот универзитет на Европа ФОН Скопје, Член на Универзитетско тело за уписи, Член на универзитетско тело за уписна политика, Претседател на Комисија за признавање на испити, Член на Дисциплинската комисија, Претседател на Комисијата за подготвување на Елаборат за акредитација на програмата Криминалистика за прв циклус и на програмата Безбедност за втор циклус на студии.

Бил член на неколку рецензиони комисии за избор на лица во наставно/научни звања.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на оценката на презентираната документација, Комисијата цени дека кандидатот ги исполнува условите за избор во наставник согласно Законот за високото образование.

Имајќи ја предвид пред сè соодветноста на стекнатото образование и континуираниот развој во научно - истражувачката и наставната дејност, но и досегашниот неспорно исклучителен ангажман на Факултетот за детективи и безбедност на кандидатот вонреден професор д-р Насер Етеми**,** како и стекнатото работно искуство во оставрување на наставно – истражувачката професија, објавување на научни трудови во национални и меѓународни списанија, учеството на домашни и меѓународни симпозиуми и конгреси, објавени учебници и монографии во кои тој се развивал како истражувач и како предавач. Неговото поле на интерес не е исклучиво врзано за неговата потесна научна област во кој се бира, тој развива поширок научен интерес за безбедноста општо што може да се забележи од досега објавените научни трудови, учебници и монографии. Врз основа на погоре изнесеното, рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност да му го предложи кандидатот доцент **д-р Насер Етеми** да биде избран во наставно-научно звање **редовен професор** во научната област Општа криминалистичка теорија (51600) и Криминалистичка методика (51601).

**09.03.2022**

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Методија Ангелески с.р.
2. Проф.д-р Злате Димовски с.р.
3. Проф. д-р Татјана Велкова с.р.